Рок за кулање _____ год.
_____ 20___ год.
Потпис,

ЗАПИСНИК
за извршен инспекциски надзор

Ип 1 бр. 57-19
Датум: 22.2.2021година

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

Назив на субјектот на надзор	физичко лице од Скопје
Седиште/адреса на субјектот	
Адреса за е-пошта	
Телефон	
Матичен број на субјектот	
Даночен број на субјектот	
Број на сметка на субјектот	
Банка депонент	Комерцијална банка АД, Скопје

Одговорно/и лице/а на субјектот:

Име и презиме	од Скопје	Телефон	Е-пошта

2) Податоци за инспекцискиот надзор

Вид на инспекциски надзор	1. РЕДОВЕН	**2. ВОНРЕДЕН**	3. КОНТРОЛЕН
Датум на почеток на инспекцискиот надзор	12.2.2021 г.	Време на почеток на инспекцискиот надзор	13.00
Датум на завршување на инспекцискиот надзор	16.2.2021 г.	Време на завршување на инспекцискиот надзор	15.30
Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот	Објект, Нова Македонија – Министерство за култура, Сектор за управен и инспекциски надзор		
Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот	/		

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
RepublikëssëMaqedonisësëVeriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот	ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:

-Месечниот план за работа на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК за м. февруари 2021 година бр. 57-13/2 од 3.2.2021 г.

-Иницијатива бр. 20-1268/1 од 29.1.2021 година од Одделението за центри на културата, фолклор и музичко-сценска дејност при Секторот за дејности од областа на културата и уметноста.

Според наводите во Иницијативата, корисникот во прилог на наративниот и финасиски Извештај за реализација на Проектот, доставил ЦД со видео спот, а Проектот бил одобрен како семинар работилница.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од:

виш инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура на РСМ.

5) Предмет на вонредниотинспекциски надзор:

Предмет: Инспекцискиот надзор е извршен од аспект на примена на член 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ” бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), односно наменското користење на средствата доделени од Буџетот на РСМ, преку Министерството за култура за финансирање на проектот „Со изворот во Европа“, согласно со Договорот бр. 20-4967/1 од 24.4.2020 година, за учество во финасирање на Проект од национален интерес во културата од областа на музичката и музичко-сценската дејностза 2020 година и постапување по обврската во рок од еден месец сметано од денот на завршувањето на проектот до МК да биде доставен извештај за реализација што содржи наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства (Образец-Финансиски извештај за реализација на проектот, достапен на веб – страницата на МК), договори, сметки, фактури, конечен финасиски план со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, како и друга потребна документација (банкови изводи, фото и/или видео документација и слично).

Основ:член 82 став (1) и член 68 од Законот за културата и член 71 став (1) од Законот за инспекцсики надзор („Службен весник на РСМ" бр. 102/2019).

6)Во извршувањето на овој инспекциски надзор:

Не се употребени листи за проверка, од причина што станува збор за вонреден инспекциски надзор, а истите се задолжителни при редовен инспекциски надзор согласно со член 70 став (3) од Законот за инспекциски надзор.

7)За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

Име и презиме	Телефон	Е-пошта
корисник		

8) За време на извршување на инспекцискиот надзор, не беа присутни други лица.

Име и презиме	Телефон	Е-пошта

9)Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на корисникот- субјектот на надзор му ги презентира целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот надзор.

10)Во инспекцискиот надзор се констатирани следните **наоди за утврдената фактичка состојба:**

- Во однос на обврската од член 68 став (3) од Законот за културата и член 5 став (1) од Договорот, во рок од еден месец сметано од денот на завршувањето на Проектот, до МК да биде доставен извештај за реализација на Проектот кој содржи наративен приказ за реализција на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства (на пропишан образец достапен на веб локацијата на МК), договори, сметки, фактури, банковни изводи, конечен финасиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финасирање, корисникот постапил на 15.10.2020 г., односно доставил образец за наративен и финасиски Извештај за реализација на Проектот заведен под број 20-10806/1.

Но, во прилог на Извештајот до надлежниот Сектор во МК не била доставена соодветна документација како доказ за реализација на Проектот.

Присутното лице изјави дека ја поседува потребната документација и дека истата ќе ја достави на увид на инспекторот во текот на инспекцискиот надзор.

- Користење на одобрените средства од програма 40-музичка и музичко-сценска дејност:

Согласно со Договорот бр. 20-4967/1 од 24.4.2020 година, за учество во финасирање на Проектод национален интерес во културата од областа на музичката и музичко-сценската дејностза 2020 година, од Буџетот на РСМ преку МК, на корисникот му биле одобрени 150.000 денари, а со Решениеза исплата на средства бр. 20-4967/3 од 14.7.2020 година на министерот за култура, на жиро-сметката на Агенцијата за деловно посредување и застапување на авторски права „Веда" Дооел од Скопје, за реализација на горенаведениот Проект, авансно се преведени 75.000 денари, од кои 66.728 денари, се преведени на трансакциската сметка на корисникот, додека 8.272 денари се по основ персонален данок од доход и провизија.

Со Барањето за исплата на сите одобрени средства, заведено во писарницата на МК под број 20/4967-2 од 8.5.2020 г., корисникот доставил и Образец за оперативен и финасиски план за користење на одобрените средства за реализација на овој Проект кој што е составен дел од Договорт. Во образецот од страна на корисникот е опишано дека Проектот - Со изворот до Европа спаѓа во категоријата истражувачки проекти, конференции, едукативни програми, семинари, работилници и збирки и ќе биде реализиран во период од Март до Ноември 2020 година на неколку места и градови во РСМ и тоа: Скопје, Галичник, Рекански крај, Охрид, Струга, Берово, Пехчево и Кратово, а учество во реализацијата ќе земат [redacted] ценарио и водич на работилницата, [redacted], режија и [redacted] и [redacted] Во описот за фазите за реализација, меѓудругото наведено е дека проектот ќе се занимава со истражување на изворната македонска песна/музика карактеристична за следните два региона Западниот и Источниот регион, дека ќе биде снимена и реализирана традиционална песна, изведена на начин карактеристичен за изворното пеење и музичкото изразување на регионот на кој што припаѓа. Исто така, наведено е дека записот од снимената песна ќе биде прикажана на работилница – семинар за млади музичари и автори, со цел да се зголеми свеста за негување на традицијата и да се доближат музичките форми од минатото до новите генерации, а ќе се употреби и за медиумска презентација на радио и ТВ медиуми.

Според доставениот оперативен и финасиски план, бараните средства да требало да бидат потрошени за исплата на хонорар за изработка на сценарио и анализа на музиката низ вековите по региони, патни трошоци за истражувачките активности низ наведените региони, хонорар за режија, кетеринг, односно храна и сместување за учесниците во Проектот и реализирање на работилница-семинар.

За трошењето на преведените програмски средства во износ од 66.728 денари од Буџетот на РСМ преку МК, за Проектот - Со изворот до Европа, од презентираната документација при инспекцискиот надзор, утврдено е следното:

Според презентираната документација, односно банковен извод од трансакциската сметка на корисникот, преведените средствата од Буџетот на РСМ преку МК, корисникот ги потрошил според наведеното во доставениот оперативен и финансиски план и тоа:
-50.000 денари, останале на трансакциска сметка на како хонорар за сценарио и предавач на работилницата;
-13.250 денари се платени за патарини и гориво за потребите на истражувањето, а за што на увид се презентирани фискални сметки од патарини и гориво;
- 3.478 денари се потрошени за храна и пијалоци во текот на истражувањето за што на увид се презентирани фискални сметки
- 8.272 денари, персонален данок од доход и провизија за исплата на хонорар;

Корисникот има ненамирена обврска по Договор за режија кон во износ од 40.000 денари, по Договор за реализација на работилницата и издадена фактура бр. 001_2020 од 6.11.2020 година кон правното лице КМ Ентертејмент ДООЕЛ од Скопје во износ од 20.000 денари.

Според изјавата на присутното лице овие обврски кон доверителите ќе бидат намирени по исплатата на преостанатиот дел на средствата кои се обврска на МК по Договорт.

Инаку како доказ дека Проектот е реализиран при надзорот од страна на субјектот на надзорот беа презентирани:
-три (3) ЦД-а со снимен аудио и видео материјал за Проектот - Со изворот до Европа (истражување, интервју, видео и аудио-елегија од источниот регион, интервју за истражувања во западениот регион);
-фотографии од истражувањата

Министерство за културана Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e RepublikëssëMaqedonisësëVeriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

-фотографии од семинарот-работилницата одржан во просториите на КМ Ентертејмент во Скопје;
-изјави од лицата и, и на местото на , дека на 30.10.2020 година, учествувале во работилницата одржана во просториите на КМ Ентертејмент во Скопје, а во врска со Проектот - Со изворот во Европа;
- изјави заверени кај Нотар од Скопје, дадени од лицата за учество како режисер во реализација на Проектот-Со изворот во Европа и , одговорно лице во КМ Ентертејмент во Скопје, за извршување на организациски активности при реализација на работилницата во ремки на Проектот;
-Агенда за работилница-семинар во рамки на Проектот- Со изворот во Европа;
-Сценарио за истражување на изворната македонска музика во западниот и источниот регион во рамки на Проектот- Со изворот во Европа;
-аудио и видео запис на ЦД, од изработена авторска етно нумера, прикажана на работилницата;

Врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор, се констатира дека Проектот – Со изворот во Европа, од национален интерес во културата од областа на музичката и музичко-сценската дејност за 2020 година е реализиран, а преведените средства во износ од 66.728 денари за овој Проект, корисникот ги потрошил наменски.

11) **Од непосредниот увид во приложената евиденција, документација, како и разговорот со присутното лице, се утврди следново:**

1.Утврдени се следните неправилности во работењето на субјектот на надзорот, за што ќе бидат преземени следните мерки:

Се утврди дека, корисникот не постапил во целост во однос на обврската од член 68 став (3) од Законот за културата и член 5 став (1) од Договорот, односно во рок од еден месец сметано од денот на завршувањето на Проектот до МК доставил Извештај за реализација на Проектот со наративен приказ за реализција на проектот, (на пропишан образец достапен на веб локацијата на МК), заведен под број 20-10806/1, но во прилог на Извештајот до надлежниот Сектор во МК **не е доставена соодветна документација како доказ за реализација на Проектот, што не е во согласност со член 68 став (3) од ЗК, поради што согласно со горенаведеното, имајќи го предвид начелото на превенција утврдено во**

Законот за инспекциски надзор, од страна на инспекторот за култура ќе биде изречена следнава инспекциска мерка:

-ќе биде донесено решение со опомена со коешто ќе биде определен рок за отстранување на неправилноста согласно со член 85 точка 1 од Законот за културата, а во врска со член 79 став (2) т. 6 од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РСМ" бр. 102/19).

Доколку по истекот на рокот определен при изрекувањето на инспекциската мерка опомена, инспекторот утврди дека неправилностите се уште не се отстранети, со решение изрекува инспекциска мерка наредба согласно со ЗИН.

Поради природата и околностите на инспекцискиот надзор, записникот е составен во службените простории на СУИН на МК во согласност со член 82 став (3) од ЗИН.

12)Со содржината на овој записник исо утврдената фактичка состојба е запознаен корисникот, односно субјектот на надзорот, кој што изјави дека нема забелешки на констатираното со записникот.

12)Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

_____

_____

_____.

Потпис на субјектот на надзорот: Скопје		Печат и потпис на инспекторот за култура: виш инспектор	
Датум:	24.2.2021 г.	Датум:	22.2.2021 г.

Доколку претставникот на субјектот на надзорот одбие да го потпише записникот, да се наведат причините за истото

_____

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
RepublikësëMaqedonisësëVeriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk